| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички план вон населено место за езеро Младост на локалитет КО Башино Село и дел од КО Отовица, Општина Велес, плански период 2009 - 2019 година |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Велес |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Велес |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Зоран Мецановски |
| Назив на работното место | Раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина |
| Контакт податоци за лицето | 043 232 406 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08 - 2750/6
04. 07. 2012 201_ год.
ВЕЛЕС

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Закон за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл. весник на РМ бр. 06/11) , Програма за пристапување кон изготвување на урбанистички план вон населено место за туристичко угостителски комплекс од Совет на Општина Велес, Одлука за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место за Езеро Младост на локалитет КО Башино Село и дел од КО Отовица (2009-2014).<br><br>Како основа за планскиот документ послужија следните документи: Услови за планирање на просторот од Агенција за планирање на просторот од август 2007 година, Решение за Услови за планирање на просторот од Министерство за заштита на животната средина и просторно планирање, Програма за пристапување кон изготвување на урбанистички план вон населено место за туристичко угостителски комплекс, од Совет на Општина Велес, податоци од Проектната програма дефинирани од Општина Велес, како и стручните милења од релевантните институции. | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиштето | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Целта на донесувањето на планскиот документ е пренамена на класата на намена на земјиштето од неискористено земјиште во класа домување А (станбени куќи, викенд куќи, вили, пренокишта, хотели, кампови), Б1 мали комерцијални и деловни дејности, Д3 спорт и рекреација (активности на спорт и забава на отворено,плажи). Со пренамена на класата на намена се очекува планиран развој на просторот преку негова рационална организација, уредување и користење во полза на граѓаните на Општина Велес и пошироко на регионот и промоција на рекреативниот туризам. | | | |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |

| |
|---|
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 10 години |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Просторот кој го опфаќа планскиот документ се наоѓа во Општина Велес, на локалитетот КО Башино Село, м.в. Бела Вода и дел од КО Отовица м.в. Рамник и м.в. Друм. Просторот во рамките на следните граници го претставува планскиот опфат<br>- на север, КП бр.254,КП бр.251, КП бр. 246/4;<br>- на исток, КП бр.232, КП бр. 247, КП бр. 238 и КП бр.233;<br>- на југ, КП бр.227, КП бр. 230 и КП бр.279;<br>- на запад, Езерото Младост<br>Во Прилог 1 е дадена карта на предметниот опфат |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Анализата на елементите на животната средина спроведена од ЛЕАП на Општина Велес укажува дека на предметниот опфат во однос на потенцијалните влијанија кои би се јавиле релевантни се: а) површинските и подземните води на Велешкото Езеро и околу него, б) почва, в) шуми, г) отпад , д) пејсаж и ѓ) биодиверзитет. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Влијанијата врз животната средина ќе бидат долгорочни, бидејќи ќе настанат перманентни измени во визуелниот поглед на пределот околу Велешкото Езеро, преку намената на земјиштето која предвидува изградба на викенд куќи, вили, хотели, кампови, терени за рекреација на отворено, плажи, мали комерцијални и деловни единици. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Кумулативното влијание се очекува да се зголеми кај отпадот, водите, почвата поради активностите кои се предвидени да се извршуваат на предметниот опфат. Врз здравјето на лугето ќе има позитивни долгорочни ефекти бидејќи спортско рекреативните содржини ќе овозможат здрав развој на жителите на Општина Велес. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Се очекуваат незначителни влијанија во фазата на градба на планираните објекти на предметниот опфат врз здравјето на луѓето (бучава, вибрации, емисии во воздух од возила и прашина) |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Површината на планскиот опфат изнесува 10,96 ha и со оглед на поставеноста на локацијата засегнато ќе биде населението на град Велес кое брои 44 820 жители, но и пошироката околина кај КО Башино Село, м.в. Бела Вода и дел од КО Отовица м.в. Рамник и м.в. Друм до Езерото Младост. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Развој на рекреативниот туризам, хотелиерството, отварање на нови работни места, подобрување на здравјето на луѓето, унапредување на квалитетот на живеење во општината преку дооформување на инфраструктурата (сообраќајници и комунална инфраструктура). | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Донесувањето на планскиот документ ќе предизвика повисока организација и | |

| | |
|---|---|
| инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и негова поврзаност со околните рурални населби и градот Велес, што ќе претставува фактор за афирмација на туристичкиот комплекс. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | На предметниот опфат не постојат посебни природни карактеристики или културно наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Постои можност да се наруши квалитетот на површинските и подземните води како резултат на несоодветно управување со отпадот, како и отпадните води од објектите во планскиот опфат, доколку неправилно се управува со нив. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Планскиот опфат опфаќа 10.96 ha површина и се планира ангажирање на земјиште со бонитет од 4 до 8 класа.<br>Интензивна употреба на земјиште ќе има во делот од предметниот опфат кој е предвиден за Д1 парковско зеленило, Д3 спорт и рекреација (активности на спорт, забава на отворено, плажи). |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Во областа нема заштитени подрачја |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Според законските барања за одредени објекти (хотели, пансиони, кампови, пренокишта) кои влегуваат во состав на планскиот опфат потребно е да се изработи Елаборат за заштита на животна средина. | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Предметниот опфат е лоциран западно од населеното место Отовица, источно и с евероисточно од Езерото Младост на 280 м.н.в и оддалечен околу 8 km од центарот на Велес во близина е на Автопатот Р 103 Скопје-Гевгелија и објектите кои се веќе изградени околу Велешко Езеро (Ресторан/мотел Романтик и Панини, Образовен Центар на Прокредит банка и викенд куќи). | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Врз животната средина планот ќе има незначителни влијанија врз квалитетот на површинските и подземните води, почвата и отпадот. Одржливиот развој ќе се промовира преку изградбата на објекти за спорт и рекреација што ќе предизвика позитивни ефекти врз здравјето на луѓето и квалитетот на живеење од аспект на | |

| |
|---|
| инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување и во крајна мера обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Најзначаен еколошки проблем кој би се јавил преку реализација на овој плански документ претставува квалитетот на површинските и подземните води на Велешко Езеро и истиот би се нарушил доколку не се управува соодветно со отпадот и отпадните води. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ се донесува во согласност со Просторниот план на Република Македонија, при изработка на планскиот документ се почитувани мерките за заштита на животната средина предвидени во Локалниот План за заштита на животната средина за Општина Велес - ЛЕАП. При подготовка на Извештајот за Стратегиска оцена на влијание на планот врз животната средина ќе се земат во предвид националните стратешки документи, како и документи донесени од локалната администрација (Национален План за управување со отпад 2009-2015 на РМ, Националната Стратегија за управување со отпад на РМ 2008-202, Национална Стратегија за одржлив развој, Програма за развој на Вардарски плански регион 2009-2013, Стратегија за економски развој на Град Велес, 2001 и други национални, регионални и локални плански документи. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>За локалитетот кој е предмет на изработка на УПВНМ не постои претходно изработен урбанистички план. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Бидејќи планскиот документ претставува Урбанистички план вон населено место потребно е при негова реализација да се обрне внимание на заштитата на животната средина од аспект на инфраструктурна уреденост, одведување на отпадни води и управувањето со отпад како и управување со постоечките дрвја/шуми. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |

| | |
|---|---|
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | |
| Датум<br>Место | М.П. |